# ВРХОВИСТИЧКАТА ВОСТАНИЧКА ПРВОКАЦИЈА
# (1902)

**Ванчо Ѓорѓиев**

**1.** Врховистичкиот обид за провоцирање востание во Македонија во 1902 година, честопати во историографијата се покрива со терминот „Горноџумајско востание“, меѓутоа оваа квалификација од историски и методолошки аспект не е соодветна. Прво, оваа квалификација, врховистичкиот обид за востание го детерминира само на Горноџумајскиот регион, и не ги опфаќа другите региони во североисточна Македонија, каде врховистите, исто така настојувале да испровоцираат инциденти, кои ќе наликуваат на востание. Од друга страна, според она што реално се случило, овој обид, не може да се квалификува како „востание“, туку како провокација. Покрај тоа, врховистичката интенција за провоцирање на востание, не била насочена само кон североисточните предели на османлиска Македонија, туку и кон нејзините централни и крајни југозападни предели (Воденско, Костурско, Леринско). Последново во историографијата често се третира како провокативна мисија на полковникот Јанков во југозападна Македонија. Меѓутоа, тоа е составен дел од интенцијата на Врховниот македонски комитет (ВМК) да испровоцира востание во Македонија во 1902 година. Оттука со оглед на фактот дека станува збор за единствена иницијатива, организирана и координирана од еден ист центар, која истовремено требало да зафати повеќе региони во Македонија, како и со оглед на тоа дека истата не прераснала во востание, таа треба да се разгледува интегрално како единствен процес за провоцирање на востание во Македонија кој ние во случајот го именуваме како „Врховистичка востаничка провокација во 1902 година“.

**2**. Македонскиот комитет кој бил создаден како организација на македонската емиграција во Бугарија, со четничката интервенција во Македонија од 1895 година, се фатил во мрежата на бугарската политика. Од тогаш па до крајот на постоењето на оваа организација, бугарскиот кнез, владата, но и опозициските партии, во зависност од

околностите, постојано настојувале да ја експлоатираат македонската емигрантска организација како за внатрешно-политички потреби, така и за надворешно политички цели. Координацијата помеѓу официјалните бугарски институции и Комитетот била многу поедноставна, кога на чело последниот стоеле етнички Бугари, отколку лица по потело од Македонија.

Во 1895 година, Македонскиот комитет бил преименуван во Врховен македонски комитет, а за негов претседател бил избран генерал Данаил Николаев, бесарабиски Бугарин, поранешен министер за војна – близок човек на кнезот Фердинанд. Промената во името во Врховен македонскиот комитет, не била случајна. Тоа ја одразува тенденцијата, но и политиката на генералот да го претвори Комитетот во врховна раководна институција во македонското ослободително движење под сопствена контрола. Од тогаш започнале недоразбирањата помеѓу ВМК од Софија и Централниот комитет на Македонската револуционерна организација (МРО, по 1896 г., ТМОРО) во Солун. Извесно релаксирање во односите помеѓу двете организации дошло за време на претседателствувањето со ВМК на Христо Станишев, кој бил со македонско потекло. Соработката помеѓу ВМК и ТМОРО, особено била интензивирана за време на првиот мандат од претседателствувањето со ВМК на Борис Сарафов, кој исто така бил Македонец по потекло. Меѓутоа, преголемата амбиција на славољубивиот Сарафов да ја преземе контролата на македонското револуционерно движење во свои раце, станало причина, најпрво за заострување, а кон крајот на 1900 година и за прекинување на односите.

На VIII конгрес на македонските друштва во Бугарија (април 1901), по притворањето на Б. Сарафов, за претседател на ВМК бил избран Стојан Михајловски, истакнат бугарски поет, филозоф и општественик. Генералот Иван Цончев, кој тогаш претендирал на позицијата во Комитетот, иако не успеал да се наметне, сепак провлекол значаен број приврзаници. Оттука, новоизбраниот состав на Комитетот, претставувал компромисно решение помеѓу цончевисти, сарафисти и приврзаници на ТМОРО. Овој комитет поради хетерогениот состав и различните погледи во контекст на македонското ослободително движење, брзо се распаднал. Во почетокот на август 1901 година, бил одржан IX конгрес при што за претседател на ВМК, повторно бил избран Стојан Михајловски, а за потпретседател генерал Иван Цончев. Двајцата на овие позиции биле преизбрани и на X конгрес во 1902 година. Иако, претседател на Комитетот бил Михајловски, главната улога во него ја играл генералот Цончев, кој бил фаворит и

миленик на кнезот Фердинанд, и кој дејствувал во согласност со воениот министер. Наспроти него, С. Михајловски минувал како човек на владата. Иако помеѓу Циончев и Михајловски постоело извесно ривалство, нив ги обединувала нетрпениетo и омразата кон Б. Сарафов и претставниците на ТМОРО, поради што по секоја цена настојувале да ги дискредитираат и да ги отстранат од македонското ослободително движење за да може полесно да ги остварат своите намери. При зацврстувањето во Комитетот, но и во своите постапки Цончев и Михајловски имале полна поддршка од официјалните институции. Незадоволните македонски друштва од политиката на Михајловски и Цончев, по X конгрес, формирале паралелен Врховен македонски комитет на чело со Христо Станишев, кој застанал на страната на ТМОРО.

Иван Цончев веднаш по преземањето на позициите во ВМК, во согласност со кнезот и воениот министер, почнал да ги форсира настаните кон провоцирање на востание во Македонија. Овој пат причината за активирање на македонското прашање преку провоцирање на востание од Бугарија, лежи во именувањето на Фирмилијан во 1899 година за владика на патријаршиската митрополитска катедра во Скопје, но кој поради судир на интереси сè уште официјално не бил назначен. Поставувањето на Фирмилијан за владика во Скопје, кој инаку бил Србин, претставувало сериозна закана за бугарските интереси во овој дел од Македонија. Оттука бугарските компетентни институции презеле севозможни чекори за да го попречат неговото назначување. Притоа како по обичај на една страна бил кнезот, а на друга влада. Во конкретниот случај, кнезот за да ѝ покаже на дипломатијата, дека македонското прашање е бугарско и дека мирот во регионот зависи од Софија, го поддржувал генералот, кој се залагал за востание во Македонија. Наспроти кнезот, владата, во овој период, претпочитала дипломатски методи, па затоа преку своите дипломатски претставници го отворила прашањето за реформи во Македонија врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор.

За реализација на својот план, Михајловски и Цончев додека не се зацврстиле во ВМК, демагошки изјавувале дека морално и материјално ќе ја подржуваат борбата на ТМОРО, и ќе ги почитуваат спогодбите за соработка, но фактички дејствувале сосема спротивно. Тие во прво време тргнале во дискредитирање на задграничните претставници на ТМОРО, кои според нив, наводно се издигнале како трета организација, која била пречка за соработка помеѓу двете организации. Набрзо потоа, Михајловски и Цончев повелеле кампања против дејците на Внатрешна организација, кои според нив, не само што не биле способни да организираат востание, туку, и воопшто не планирале

да подигнат востание, зашто парите кои ги собирале од населението за вооружување ги злоупотребувале за лични потреби. Во исто време, Комитетот повел кампања, дека ослободувањето на Македонија треба да дојде преку Бугарија, зад која стоела Русија. Поради тоа, агитаторите на ВМК во пограничните региони го поттикнувале населението на непослушност кон раководителите на ТМОРО и да не им дава пари за оружје, притоа ветувајќи дека ќе им достави бесплатно оружје. Заради пропагандни цели, ВМК во одредени погранични региони доставил помали количини оружје, меѓутоа, тоа оружје било запленето од складовите во пограничните пунктови, или пак претходно било платено од Организацијата, но ВМК намерно не го испорачал за да ја дискредитира, а пота преку своите емисари великодушно го доставувал бесплатно, како свое.

Во меѓувреме, ВМК околу себе ги врбувал отпадниците од МРО, пред сè, оние војводи со ајдучки навики, кои поради недисциплина, или злоупотреби, биле дистанцирани од Организацијата. Овие без да ги разбираат принципиелните разлики помеѓу двете организации, во лицето на ВМК нашле покровител и заштитник. Откако ги придобил на своја страна, ВМК кон крајот на 1901, истите војводи почнал да ги испраќа во Македонија со тенденција преку нив да создаде бази за својата кампања, а по можност и да ја преземе контролата во одреден регионі. Меѓу таквите пионери на врховизмот во Македонија се вбројуваат: Дончо Златков, Стојчо Бакалов, Алекса Поројлијата, Иван Карасулијата и други. Набрзо потоа, ВМК почнал да испраќа чети предводени од офицери. Врховистичките чети, не само што повеле агитација во прилог на ВМК, туку почнале да го присилуваат населението да ја откаже поддршката кон ТМОРО, поради што влегле во отворен конфликт со нејзините чети. Како одговор на тоа, ТМОРО го засилила присуството на своите чети во пограничните региони со Бугарија и започнала контра агитација за разобличување на врховистичката пропаганда, претставувајќи ги врховистите како орудие на кнезот и продолжена рака на бугарската завојувачка политика кон Македонија. Истовремено каде што можеле ги разоружувале врховистичките чети и ги враќале во Бугарија. Со тоа зачестиле отворени инциденти и судири, при што врховистите често се служеле со предавство.

Паралелно со тоа, ВМК, повел некоректна акција за преземање на контролата врз оние македонски друштва во Бугарија, кои дејствувале како негова опозиција. При така затегнати односи во декември 1901 година, задграничните претставници Туше Делииванов и Димитар Стефанов, ги информирале македонските друштва во Бугарија, дека ТМОРО „за секогаш ги прекинуваат односите“ со актуелниот состав на ВМК. На 5.

03. (ст. стил) 1902 година, задграничните претставници до македонските друштва испратиле тајно окружно, преку кое, не само што ја осудиле врховистичката иницијатива за провоцирање на предвремено востание во Македонија како дело на бугарската политика, туку и изјавиле дека ја прифаќаат фрлената ракавица и влегуваат во отворена војна. Во Окружното меѓу другото се вели: „Станува очигледно дека дворскиот режим во Бугарија, се служи со сѐ со што располага, за да го преземе во свои раце незадоволството на македонскиот роб и да си игра со него така, како што си играше во несреќната 1895 година. Тие сакаат да го задушат секое независно движење во Македонија и утре, кога ќе можат да кажат: 'нишките на македонското прашање се во рацете на бугарското воено министерство' да тргуваат со него. Ете со таква категоричност нам ни е фрлена ракавицата. Ние ја прифативме. И денес ние војуваме ... Иднината ќе ни биде судија ... Ние македонските робови, се бориме со неправдата во Турција како дел од таа држава, а не како агенти на Бугарија."

**3**. Локалните врховистички војводи во Македонија требало да го подготват теренот и да овозможат продирање на поголемите врховистички чети под водство на офицери од бугарската армија за да подигнат востание. Според замислите на ВМК востанието требало да започне на 25 септември 1902 година. Терминот ни малку не е случаен. Всушност на 25 септември во Бугарија била планирана голема прослава по повод 25-годишнината од битката кај Шипка од време на руско –турската војна, при што на прославата требало да присуствуваат поголем број руски воени ветерани и државници. Присуството на руските воени лица во Бугарија, ВМК планирал да го претстави како руска поддршка за бугарската политика кон Македонија.

Во мај 1902 година, ВМК донел одлука да го испрати за Македонија полковникот Анастас Јанков со поголема чета и неколку офицери и подофицери од бугарската армија. Крајната дестинација на Јанков била Костурско, а тоа значи дека тој требало да ја пресече Македонија дијаметрално, од Горноџумајско до Костурско. Изборот на личноста и крајната дестинација, не биле случајни. Полковникот Јанков бил родум од с. Загоричани (Костурско). Неговото македонско потекло, високиот офицерски чин и униформата од бугарската армија, требало да предизвикаат респект кај луѓето од неговиот крај, дека зад нивниот соселанец и неговиот повик за востание, стои Бугарија. Јанков бил човек со типичен офицерски менталитет, послушник кон претпоставените, безмилосен кон подредените, човек со крут и нетактичен карактер, кој своите услуги од порано отворено му ги нудел на кнезот Фердинанд, а во случајот доделената улога ја

сфатил како воена парада. Акцијата на Јанков во Костурско требало да започне во септември, едновремено со акциите на другите врховистички водачи во североисточна Македонија. Со неговиот пробив во југозападна Македонија, требало да се одвлече вниманието на ТМОРО и на османлиските власти за да се олесни востаничката провокација во североисточна Македонија. Покрај тоа, со бранувањето на населението во југозападните делови на Македонија, на дипломатски план требало да се создаде впечаток дека нередите биле реакција на локалното население поради лошата османлиска управа, а со тоа да се намали одговорноста на Бугарија.

Полковникот Јанков границата ја минал на 4/17 јуни 1902 година со чета која броела над четириесетина души, но по пат со мобилизирање на локалните симпатизери и упадот на други врховисти, нејзиниот број перманентно се зголемувал. Откако ја минал границата, Јанков околу два месеци се задржал во планинските предели на потегот помеѓу Горна Џумаја, Радовиш, Струмица и Петрич, обиколувајќи ги селата по Малешевските Планини, Плачковица и Огражден. Веднаш откако ја минал границата весникот „Право“ на 7.07. 1902 г. за Јанков пишува: „облечен во полковничка униформа, со перо на шапката, јавнат на коњ, оди од село на село, зборува против внатрешните дејци и од името на бугарскиот кнез и рускиот цар го кани населението на востание“. За занесеноста на Јанков во улогата што му била доделена најдобро сведочат неговото писмо до кнезот Фердинанд од 6 јуни 1902 година, во кое меѓу другото пишува: „Моето одење по овие места е триумф за бугарското население. Јас патувам во воена униформа. Речиси сите резервни офицери од Бугарија се облечени во униформи и накитени со ордени. Луѓето се толку воодушевени, што една моја заповед е доволна да пламне Македонија и пламенот да го опфати целиот Балкански Полуостров“. Јанков бил толку занесен во својата улога, така што веднаш по преминувањето на границата во писмо до селаните на с. Лешко, Горноџумајско, се потпишал како „Началник на сите вооружени македонски сили“. Неговата амбиција во тој поглед малку опаднала кога се нашол во Костурско каде почнал да се потпишува како „Началник на II- от воен округ“.

Кон крајот на јули, Јанков во Цапарево (село на Огражден, Петричко) изјавил дека востанието треба да започне на 7/20 септември 1902 година, и дека тој наскоро ќе замине преку Вардар, а на споменатиот датум каде и да се наоѓа ќе удри по Турците. Меѓутоа, Јанаков освен што ги мобилизирал отпадниците од ТМОРО, и што посеал раскол и предизвикал неколку афери, во овој крај не постигнал ништо особено. Неговите лични записи од патешествието низ Македонија се најдобро сведоштво за неговиот

менталитет и заблуди. За него луѓето од ТМОРО биле мафија, а нејзините раководители вагабонти, коцкари и кокошкари, кои го тероризирале населението и ги злоупотребувале неговите пари за личен поминок, без да мислат да кренат востание. Таквите приказни од човек кој што прв пат се појавил на теренот, тешко минувале пред македонскиот селанец, особено пред неговите раководители, кои му ја всадиле ослободителната идеја.

По навлегувањето на Јанков во Македонија, ЦК на ТМОРО ги алармирал окружните и околиските комитети да преземат мерки за неутрализирање на неговата агитација и парализирање на евентуални истапи на населението, кои поради репресијата на власта може да добијат димензија на некакво локално „востание“. Во та смисла биле издадени две окружни писма. Првото било подготвено од Пеју Јаворов и дистрибуирано до сите комитети во Македонија. Второто, Окружно било подготвено од Гоце Делчев и Ѓорче Петров и предназначено за комитетите во Горноџумајско, Малешевско и Петричко. Во првото Окружно се укажува дека врховистите настојувале да ја повторат комедијата од 1895 година и да предизвикаат предвремено востание, зад кое наводно стоела Бугарија и Русија. Затоа се апелира населението да не подлегне на таквата агитација туку да се надева „само на себеси, само на своите гради и плеќи, само на својата волја и сила“.  Истовремено се нагласува дека до востанието за кое се подготвува Организацијата останувало уште малку време, но тоа требало да биде последен чекор преку кој ќе се оствари „крајната цел, самоуправувањето, слободата на Македонија“. Преку второто Окружно се повикува населението од Горноџумајско, Малешевско и Петричко, да не им дава поддршка на врховистичките чети кои се обидувале да ги внесат во игра на востание. Притоа се нагласува: „ Еднаш за секогаш, вие треба да разберете дека вашето и нашето спасение нема да дојде од нив. Треба да разберете дека вашето и нашето спасение, спасението на целиот наш народ лежи во сенародно, општо востание, кое за да биде направено, потребно е полна согласност, едномисленост и еднодушност на целиот народ“. Затоа населението се повикува да остане под знамето на ТМОРО, како „единствена сила која се бори, и ќе ја извојува слободата на земјата“.

Кон средината на август Јанков го минал Вардар и преку Гевгелиско стасал во Воденско. Таму  со манипулација успеал да ја потчинил локалната чета на неискусниот војвода Трајко Шаламанов. Својот план за востание, Јанков го образложил пред локалното раководно тело на Организацијата, меѓутоа од него, не добил никаква поддршка. Пред заминувањето од Воденско, Јанков таму распоредил 54 приврзаници и најавил засилување од двајца офицери. А пак тој, со 56 мина заминал кон Леринско. За

да го вовлечат населението и да предизвикаат некаков неред, приврзаниците на Јанков, во Мегленско примениле проврен рецепт. За таа цел на 21 09.1902 година убиле еден таксилдар (даночен чиновник) во с. Тушим, а потоа со сила повеле дваесетина момчиња во планина. По нив, од страв од репресијата на власта, побегнале и другите селани. По 3-4 дена, на повик од власта, селаните се вратиле по своите домови, а потоа започнало приведување и малтретирањето. Организаторот на инцидентот, Тома Пожарлиев, откако бил пресретнат од една организациска чета побегнал кон Костурско. Инцидентот во с. Мегленско, врховистите го претставиле како „Тушимско востание". Меѓутоа ЦК на ТМОРО во врска со оваа врховистичката провокација во едно писмо до раководителите во Воден пишува: „Такво е врховистичкото востание, ден до пладне".

Во почетокот на септември, Јанков со својата свита се нашол во родното Загоричани. Неговата појава во југозападна Македонија датира 2-3 месеци по Леринската провала, кога сѐ уште не биле санирани последиците од неа, во услови на изразени тензии и недоверба помеѓу власта и населението. По пристигањето во Загоричани, Јанков се поврзал со Петар Поганчев, кој бил негова претходница, и почнал да зборува за востание, во смисла: „време е и ние Македонците, како и другите народи – Грци, Срби, Бугари и Критјани со оружје в рака да посакаме правдина и слобода", а потоа се нафрлил против раководителите на Организацијата кои наводно ги злоупотребувале парите од населението, наместо да купуваат оружје.

Непосредно пред пристигањето на Јанков во Леринско и Костурско, ЦК од Солун го информирал Битолскиот окружен комитет за намерите на полковникот и ги задолжил да го попречат неговиот план, или да го разоружат. До Битолскиот револуционерен округ, а особено до Костурската околија, кои географски се наоѓале најдалеку од границата со Бугарија, а со тоа и од војната помеѓу „врховистите" и „централистите"едвај допирало само ехото од таа борба, па затоа не го сфатиле сериозно предупредувањето од ЦК. Претседателот на Битолскиот окружен комитет – Анастас Лозанчев во прво време се занесувал дека ќе го придобие Јанков на страна на Организацијата, а доколку не успее во тоа, дури потоа би размислувал како да постапува со него. Оттука во почетокот, Битолскиот окружен комитет му се обратил на Јанков со едно ласкаво писмо и го замолил да престане со својата агитација за востание, додека не се разберат. Додека Битолскиот окружен комитет тактизирал, Јанков продолжил со своите провокаторски истапи. Во една пригода пред Васил Чекаларов, Пандо Кљашев и Христо Силјанов, Јанков истакнал дека востанието ќе го прогласи на 7/20 септември 1902 г., со напад на

Лерин. Во меѓувреме Јанков ги распоредувал своите сили низ Костурско и Леринско, а десетина души испратил да агитираат за востание кон Преспанско и Охридско. Револтиран од арогантниот однос на полковникот, В. Чекаларов пред него изјавил: „Слободата ние ќе си ја извојуваме, не ја сакаме од тебе! Немој да мислиш дека затоа што си полковник и што носиш еполети, дека ќе го оставиме народот да се повлече по тебе и да изгори“.

Вечерта 7/20 септември со седумдесетина приврзаници Јанков се нашол кај Лерин, но по консултација со Коте Христов, нападот го одложил за следната вечер, а потоа за 14/27 септември, но и тогаш ништо не сторил. За овие одлагање Јанков наоѓал разни изговори, меѓу другото, дека некој вагабонт му ги украл двете канти со газија со кои планирал да го потпали градот. Меѓутоа Јанков се воздржал поради предупредувањето од Битолскиот окружен комитет, кое го добил првата вечер кога се нашол пред Лерин. Откако не бил реализиран планот за напад на Лерин, Јанков почнал да пушта гласови дека на 20.09./3.10 ќе го нападне Костур, меѓутоа и тогаш не презел ништо.

Битолскиот окружен комитет на 10/23 септември 1902 година, испратил окружно писмо до населението во Костурско и Леринско со кое укажал на опасностите од влегувањето во авантура на делумно и предвремено востание, а истовремено нагласил дека слободата на татковината може да дојде само преку едно општо и повсемесно востание. Во меѓувреме, Битолскиот окружен комитет разменил неколку писма со Јанков и преку своите активисти во Костурско и Леринско со него започнал преговори, надевајќи се дека ќе го наговори да се откаже од намерата за востание и да остане да работи во округот под покровителство и според правилата на ТМОРО. Јанков преговорите ги прифатил колку да добие на време, но не престанал со предизвикување инциденти. Поради тоа на 16/29 октомври, Битолскиот окружен комитет испратил остро предупредувачко писмо да престане со својата активност, притоа нудејќи му доколку сака да работи за ослободителното дело да се потчини на Организацијата, во спротивно да се врати од каде што дошол. На 2/15 ноември 1902 година, Јанков ја напуштил Македонија и заминал за Грција, а од таму со брод заминал за Трст, од каде преку Загреб, Белград и Ниш се вратил во Бугарија.

Јанков иако не успеал да испровоцира востание во Костурско, тој сепак ги разбркал умовите кај дел од луѓето, и ги раздвижил османските војски и потери од чие самоволие последиците ги поднело населението. Битолскиот окружен комитет за да го

задржи населението да не тргне по умот на Јанков, ветил дека идната годија ќе крене востание.

4. По Јанков, во јуни 1902 година во североисточна Македонија со врховистички чети навлегле, поручник Јордан Стојанов, мичман Тодор Саев и капетан Антон Шипков. Истовремено од Бугарија се подготвувале уште неколку офицери да навлезат со чети во Македонија. На 21 јуни 1902 година, Цончев преку Елиот – британски дипломатски претставник во Софија, се обидел да го сондира мислењето на големите сили. Притоа, се обидел да дознае како би реагирале, доколку ВМК, наместо планираното востание, преку еден Меморандум до големите сили побара спроведување на реформи во Македонија. Цончев сепак нагласил дека востанието во Македонија не може да го сопре никој доколку така одлучат „тамошните водачи". Очигледно, Цончев се обидел одговорноста за врховистичката провокација во Македонија, да ја префрли врз „тамошните водачи". Искусниот дипломат му дал на знаење на генералот дека „силите нема да се мешаат и дека ќе ѝ остават на турската влада слободно да го задуши востанието". Во исто време, непосредно пред одржувањето на X конгрес на ВМК, министерот за внатрешни работи на Бугарија – Александар Људсканов, пред српскиот дипломатски претставник во Софија изјавил дека бугарската влада нема намера да го забрани ВМК, дека не ја поддржува неговата револуционерна активност, но и дека не може да ги спречи луѓето „да не направат некаква будалштина". Всушност А. Људсканов како еден од заштитниците на иницијативата на Цончев, стоел зад „будалштината".

Откако дел од врховистичките четите се нашле на османлиска територијата, кнезот Фердинанд заминал во странство, како што правел традиционално при усложнување на ситуацијата во Македонија. Откако кнезот заминал, премиерот Стојан Данев и воениот министер Стефан Паприков го информирале кнезот за активностите на Цончев и за неговата злоупотреби со името на владетелот и владата, како и за преземените мерки од страна на владата, која настојувала вознемиреноста во Македонија, да ја претстави како внатрешно движење, поради што не смеела да преземе енергични мерки против ВМК, зашто во таков случај би се потврдило „дека движењето во Македонија е дело на Бугарија". Кнезот во одговор преку својот секретар настојувал да го убедат премиерот, дека дејствијата на Цончев и на луѓето околу него не биле одобрени од него, и дека од себе ја „отфрла одговорноста" и препорачал воениот министер да преземе мерки да се попречи походот на Цончев. Во таа смисла кон крајот на јули 1902 година, управникот на бугарското трговско агентство во Солун – Никола Колушев, настојувал да

го убеди солунскиот валија, дека Бугарија не била вмешана во настаните во Македонија. Османлиските власти од своја страна за да избегнат комплицирање на ситуацијата во Македонија, свесно одбегнувале да ангажираат големи воени ефективи за прогон на врховистичките чети.

И додека настаните течеле така, генерал Цончев се нашол во Дупница за да го организира и координира преминувањето на четите. Откако добар дел од четите се нашле во Македонија, и откако фитилот бил потпален, бугарската влада, како и во 1895 година, за да се претстави како конструктивен фактор загрижен за стабилноста во регионот, презела некои половични мерки. Во таа смисла, на границата кон османлиска Македонија биле испратени воени засилувања за да го „попречат" преминот на четите. Заради демагогија на 19 август од Дупница биле приведени генерал Цончев и потполковникот Стефан Николов. Двајцата по препорака на министерот за внатрешни работи, биле интернирани во своите родни места, од каде потоа, наводно успеале да побегнат и да се појават во североисточна Македонија.

Неколку денови по интернирањето, полковник С. Николов се нашол во Македонија. Во негово присуство на 18 септември 1902 година во с. Градево (Горноџумајско) бил одржан собир на врховистичките војводи. Притоа било донесено решение востанието да започне на 25 септември 1902 година. По два дена, на 20 септември во Софија бил одржан митинг, на кој претседателот на ВМК – Стојан Михајловски го повикал бугарските граѓани да го подржат востанието во Македонија. Имајќи го предвид противењето на ТМОРО на врховистичката иницијатива за провоцирање востание, Михајловски истакнал: „Сега не се гледа кој е прав, а кој крив! Робот е востанат и треба да се поткрепи". Од друга страна паралелниот ВМК на Х. Станишев, кој ги застапувал позициите на ТМОРО, на повикот на Стојановски одговорил: „Отаде Рила нема никакво востание". Препирањето помеѓу двата врховни комитети дали има, или нема, востание во Македонија, внеле забуна кај бугарската јавност. Брзо по врховистичкиот собир во Градево и митингот во Софија, на 27 септември 1902 година, Цончев побегнал од притвор и се нашол меѓу своите соборци во Горноџумајско.

Според предвидениот план со врховистичките акции од левата страна на р. Струма, кон Кресненската клисура требало да командува Јордан Стојанов, а од десната страна да дејствуваат Тодор Саев и Кочо Лефтеров. Ноќта на 22 спроти 23 септември 1902 година, неколку четници од одредот на Ј. Стојанов во с. Железница (Горноџумајско), убиле тројца таксилдари (даночни чиновници). Сценариото, познато и проверено.

Утредента во селото пристигнала полиција и војска кои започнале со репресија врз селаните, при што дошло до престрелка. Тодор Саев, кој бил во соседното село Тросково, тргнал кон Железница со развеано знаме, изјавувајќи дека востанието започнало. По судирот кај Железница, дел од селаните се приклучиле кон одредот на Саев, а други побегнале в планина кај Христо Чернопеев, кој од името на ТМОРО им советувал да останат мирни. Судирот во Железница бил сигнал за врховистите во соседното Србиново. Истиот ден (23.09), врховистите таму убиле еден бег од Крупник. Плашејќи се од одмазда и под притисок, дел од селаните се приклучиле кон локалната врховистичка чета, а другите побегнале во планина. Така провокацијата од Железница се прелеала кон Србиниво, а од таму кон соседните села.

При такви околности војводите на ТМОРО: Христо Чернопеев, Крсто Асенов и Владислав Ковачев кои се наоѓале во близина, врз основа на еден документ од фатен врховист, дознале дека врховистите планирале слични инциденти за 30 септември во Малешевско. Поради тоа презеле превентивни мерки и се распоределе кон Малешевско за да не дојде до прелевање на судирите кон овој крај.

На 24 септември 1902 година, помеѓу врховистичките чети и османлиските сили дошло до судир кај Градево и Кочова Маало. На 26 септември во судирите околу овие села учествувал и Јордан Стојанов. Од таму Ј. Стојанов со 35 мина четници тргнал кон с. Кресна, каде требало да се сретне со локалниот врховистички војвода од Петричко – Дончо Златков. Патем Ј. Стојанов сретнал 80-тина помаци (работници на патот кај Кресна), кои откако слушнале за нередите кај Србиново и Градево, се вооружиле и како башибозук тргнале по пљачка. Повеќето од нив биле избиени, или ранети од заседа. Од таму Ј. Стојанов влегол во с. Оштава, каде се сретнал до Дончо, а со тоа и оваа село било вовлечено во провокацијата.

На 29 септември, османските сили презеле поголема акција кон вознемирените села при што истите ги запалиле и опљачкале, а мнозина старци жени и деца биле подложени на жестока тортура. Поради тоа околу 600 селани побегнале кон Бугарија. По извесно затишје, врховистите под водство на Дончо Златков се обиделе нередите да ги пренесат по огражденските села во областа Каршијак (Петричко) со тенденција да се прошират кон Струмичко. Меѓутоа, според изворната документација ниту османлиските власти, ниту пак ЦК на ТМОРО, не биле многу вознемирени од врховистичките обиди во Каршијак, што значи дека, освен поединци, таму не успеале да го вовлечат населението. Од овој регион врховистите, одново се обиделе да воспостават контрола врз Кресненската

клисура со намера да ги прекинат комуникациите помеѓу Серез и Горна Џумаја, но биле потиснати од османлиските сили. Набрзо потоа Ј. Стојанов и Д. Златков се префрлил од левата страна на Струма со намера да ги прошират инцидентите кон Мелничко. Притоа служејќи се со закани, насилство и убиства врз локалните раководители на ТМОРО, настојувале да ја искористат нејзината инфраструктура и насилно да го вовлечат населението во „востание“. Благодарение на претпазливите мерки кои биле преземени од страна на Јане Сандански, како и на совесноста на селските раководители, врховистите во овој крај не успеале да ги остварат своите цели.

При крајот на првата декада од октомври, врховистите служејќи се измами се обиделе во игра на востание да ги вовлечат и жителите од с. Белица (Разлошко), каде имало складирано околу 250 пушки на Организацијата, притоа лежејќи ги селаните дека пушките биле испорачани од ВМК. Меѓутоа по предупредување на Никола Малешевски, и по наредба на Гоце Делчев, споменатово оружје било дислоцирано, за да не падне во рацете на врховистите и да им биде поделено на селаните. На 18 октомври околу Белица се нашле 70-тина врховисти под водство на Тодор Саев и Кочо Лефтеров. Тука на Митровден имале целодневен судир со османлиските војски.

Во средината на октомври врховистичките чети биле потиснати кон селата во близина бугарската граница, а значаен дел од нив веќе побегнале на територијата на Бугарија. Кога врховистичката провокација била на залез, генерал Цончев, кој успеал да „побегне“ од притвор со 150 души ја минал границата и во селото Бистрица се поврзал со четите на Александар Протогеров и Љубомир Стоенчев кои се повлекувале. Османлиските сили кои се наоѓале во другото маало од селото, попладне на 19 октомври ги нападнале врховистите на чело со генералот. Судирот продолжил и наредниот ден, на 20 октомври. Според соопштенијата од Истанбул, при вој судир четите имале 75 мртви и 38 заробени, а од османска страна 17 мртви и 33 ранети. Веројатно во бројот на загинатите од страна на четите се внесени и убиените селани. Во овие борби на 20 октомври, генералот бил ранет. Веднаш потоа врховистите се повлекле на територијата на Бугарија. На 22 октомври Цончев бил во Софија. Дводневниот престој на Цончев во пограничното село Бистрица, и неговото ранување ја спасило честа на генералот?! Со неговото појавување во погранично село Бистрица, и уште побрзо повлекување од таму, практично завршила врховистичкото „востание“.

ВМК во својата востаничка авантура, влегол со 400-500 четници. Наспроти тоа од османлиска страна за попречување на врховистичката инцијатива биле ангажирани

околу 10 000 војска, претежно пешадија, засилена со артилерија. При обидот за воспоставување на поредокот, османлиските сили настапиле жестоко се невидена репресија врз цивилното население за да го предаде оружјето. Поради тоа околу 2000 жители од засеганите краишта на почетокот од зимата побегнале во Бугарија. Османлиските власти од овие краишта прибрале значаен дел од оружјето кое ТОМРО макотрпно го набавувала со средства од населението.

Според Мемоарот на Внатрешната организација, за време на т.н. „Горноџумајско востание“ биле засегнати петнаесетина села при што дошло до 19 судири меѓу врховистичките чети и османлиските војски. Притоа загинале 95 мина од страна на врховистите и дури 796 војници. Последната бројка многукратно е преувеличена. Според истиот извор за време на нередите во засегнатите села, биле ограбени 807 куќи, а 67 биле запалени. Притоа, од цивилното население биле убиени 37 мажи и 8 жени, 438 мина биле измачувани, а 111 моми и жени биле обесчестени. Додека пак според еден документ од британска провениенција во Горноџумајско биле раселени 15 села, со вкупно 2043 куќи, во Мелничко 4 села со 574 куќи, и 3 села во Петричко со 300 куќи. Во овие бројки, не се вклучени само оние што побегнале во Бугарија, туку и оние селани, кои привремено ги напуштиле домовите за време на судирите, околу нивните села.

Врховистичката пропаганда за наводно востание во Македонија, не успеала да ги увери дипломатските претставници. Напротив, сите сфатиле дека станува збор за вештачко исценирано движење наметнато од надвор, кое не добило поддршка од македонскиот народ и на кое се спротивставила Внатрешната организација. Така на пример рускиот дипломатски претставник во Солун – Н. Гирс во извештајот од 7 октомври 1902 година пишува: „покренатото движење ..., ни од далеку не се одликува со таква сила, каква што му се препишува од Македонскиот комитет“. Карактерот, но и поуките од врховистичката провокација ги сфатиле и бугарскиот дипломатски претставници. Така на пример И. С. Гешов во извештајот од 25 октомври 1902 година од Истанбул пишува: „Некои од нив (европските дипломати, б.н.) не го пропуштија случајот без да забележат дека резултатите од едно такво востаничко движење, нафрлено од надвор и не може да биде поинаков ... Вистината е дека сите претставништва на големите сили тука имаат јасно определено разбирање за спротивставувањето кое Внатрешната револуционерна организација на Македонија го направи толку упорно против последниот востанички обид на Софискиот врховен комитет, но не сите се согласни дека тоа е главна причина што движењето не успеа да се прошири во самата средина на

македонскиот народ“. Оттука Гешов заклучува дека доколку врховистичкото движење имало поддршка од македонското население и доколку добиело „месен национален карактер“, тогаш дипломатските претставници би ја натерале османската влада да седне на „зелената маса“ на која би се нашол „неканетиот гост – македонското прашање“.

Францускиот конзул во Солун – Л. Стег во извештајот од 3.12.1902 г., пишува: „Денес добро е утврден карактерот на последниот обид за востание и се знае дека тоа е дело на Софискиот комитет ... (Тој) со наглото забрзување на настаните, сакаше да го земе во свои раце раководството на македонското национално движење. Што се однесува до чисто македонскиот комитет, чија Внатрешна организација и понатаму останува мистериозна и со чисто автономистички тенденции, таа е во противречност со анексионистичкиот стремеж на Цончевиот комитет. Таа не се ограничи само со држење на страна од тоа движење, туку енергично се спротивстави, како на едно туѓо предвремено претприемање, осудено на неуспех ... Оправдано може да се претпостави, дека тие (водачите на ТМОРО, б.н), кога ќе претпостават дека е дојден денот за една иницијатива ... востаничкото движење и без да има поголеми шанси за успех, ќе земе значителни размери ... Според некои сигнали изгледа, дека таа Организација има направено сериозни подготовки за востание во идната пролет“.

Врховистичката авантура на ВМК на Михајловски –Цончев од 1902 година, која преку нивниот весник „Реформи“ громогласно била претставена како востание, перманентно било оспорувана и демантирана преку истоимениот весник од опозицискиот ВМК на Х. Станишев. За ЦК на ТМОРО, кој во своите сили на секој начин настојувал да ја парализира врховистичката провокација и пропаганда, наводното востание било само во главата на генералот и на редакторите во „Реформи“, и таа не претставувало ништо друго, туку „проституирање“ со востанието за кое се подготвувала Организацијата. Со оглед на онаа што реално се случувало на теренот, и што врховистичките повици за востание не биле прифатена од населението (со исклучок на изолираните инциденти во кои селаните биле насилно вовлечени), врховистичка иницијатива не може да се третира како „востание“, туку како надворешна провокација, инспирирана од бугарскиот дворец.

Врховистичката провокација од 1902 година, иако не прераснала во востание, таа предизвикала многу афери и силна репресија од страна власта, а со тоа ги вознемирила духовите и трпението кај населението, но делумно ја компромитирала и идејата за општо востание, за какво што се подготвувала МРО. Последната иако ја настојувала да ја

парализира врховистичката провокација, откако заминала бурата, и откако се соочила со последиците од неа, почнала да размислува за прогласување на востание во претстојната 1903 година. Веќе на 9 декември, ВМК на Михајловски и Цончев излегол со повик кон македонската емиграција во Бугарија, дека започнатата борба треба да продолжи. Следниот ден, ВМК испратил повик до офицерите во бугарската армија за да ја напуштат службата и да се подготват за востание на пролет.

Под притисок на нередите во Македонија кои биле предизвикани од врховистичката провокација, но уште повеќе поради опасноста од прогласување на востание во следната година од страна на ТМОРО, Русија и Австро-Унгарија, но и Османлиската Империја, есента 1902 година презеле иницијатива за реформи во Македонија, за да го превенираат усложнување на ситуацијата и да ги одземат мотивите на ТМОРО за востание. Оваа иницијатива завршила со прогласувањето на Февруарските (Падарски) реформи, во почетокот на 1903 година, но тие не можеле да ги запрат настаните, бидејќи ЦК на ТМОРО, претходно во јануари донел одлука за востание.

**Литература**:


Аданар Фикрет, Македонския въпрос, София 2002;

Битоски Крсте, Македонија и кнежеството Бугарија (1893-1903), Скопје, 1977;

Георгиев Величко и Стайко Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото XX век). Нови докумнти. София 1995;

Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ. По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава Л. Милетичъ, София 1927;

Димески Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), II издание, Скопје, 1982;

Дракул Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 1, Куманово 1995;

Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одриска революционна организация като митологична и реална същност, (съставители: Цочо Билярски и Валентин Китанов), София 1995;

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје 2003;

Ѓорѓиев Ванчо, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи, Скопје 2013;

Ѓорѓиев Ванчо, Анастас Лозанчев, Скопје 2014;

Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје 1984;

Елдъров Светлозар, Генерал Иван Цончев, 1859-1910, София 2003:

Из архива на Гоце Делчев. Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края на 1902 г. (подготвили за печат: Ива Бурилкова и Цочо Билярски), София 2003;

Катарџиев Иван, Борба до победа, т.1, Скопје 1983;

Къосев Дино, История на македонското национално революционно движение, София 1954;

Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вѫтрешната революционна организация, София 1904;

Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, т.2, София 1995;

От София до Костур. Спомени на полковник Анастас Янков, майор Димитър Димбалков, поручик Борис Сарафов, Георги Белев, Коста Шахов, инженер Христо Станишев, (съставителство: Ива Бурилков и Цочо Билярски), София 2003,

Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско, 1878-1903, София 1979;

Пандевска Марија, Струмички револуционерен округ (1893-1903), Скопје 2002;

Силянов Христо, Освободителните борби на Македония (фототипно издание), т.1, София 1983;

Френската жѫлта книга по македонския въпросъ, (превѣлъ отъ оригинала Д. Ризовъ), София 1903;